**Известување за концентрација со која ЦК Холдингс Цо., Лтд. (CK Holdings Co., Ltd.) од Јапонија ќе стекне индиректна единствена контрола над Мањети Марели С.п.А (Magneti Marelli S.p.A.) од Италија (предмет бр. 08-88 од 03.12.2018 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен Весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) на ден 03.12.2018 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставено е известување за концентрација со која ЦК Холдингс Цо., Лтд. (CK Holdings Co., Ltd.) со регистрирано седиште на 2-1917 Ниссхин-цхо, Кита-кху (2-1917 Nisshin-cho, Kita-ku), Град Саитама, Саитама 331-8501м Јапонија, во крајна сопственост на инвестициските фондови упавувани од зависни друштва на ККР & Цо. Инц (KKR & Co. Inc.), со регистрирано седиште на  9 Вест 57ма Улица, ст. 4200 (9 West 57th Street, Suite 4200), Њу Јорк, ЊЈ 10019, Соединети Американски Држави ќе стекне со индиректна единствена контрола над Мањети Марели С.п.А (Magneti Marelli S.p.A.), со регистрирано седиште на Виале Алдо Борлетти 61/63, 20011 Цорбетта (МИ) (Viale Aldo Borletti 61/63, 20011 Corbetta (MI)), Италија и некои од неговите зависни друштва и партнери преку купопродажба на акции.

1.Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-ЦК Холдингс Цо., Лтд. (CK Holdings Co., Ltd.) е холдинг компанија на Калсоник Кансеи Корпоратион (Calsonic Kansei Corporation) („*Калсоник Кансеи*“), дел од групата на контролирани портфолио компании на ККР. Калсоник Кансеи е јапонски глобален добавувач на автоделови со широк спектар на производи како кокпит модул („*КПМ*”) и производи за ентериер, системи за контрола на клима, производи за моторно ладење, автомобилски компресори, издувни системи и електронски производи. ЦК Холдинг е во сопственост на инвестициските фондови кои се советувани или управувани од страна на зависни друштва на ККР.

ЦК Холдингс Цо., Лтд и неговите контролирани зависни друштва немаат корпоративно присуство и не се активни на било кој пазар во Република Македонија.

ККР & Цо. Инц (KKR & Co. Inc.) е основан во државата Делавер (Соединетите Американски Држави) и е глобална инвестициска фирма која нуди широк спектар на алтернативни услуги за менаџмент на средства за јавни и приватни пазарни инвеститори и нуди решенија за пазарите на капитал за фирмата, неговите портфолио компании и клиентите.

ККР & Цо. Инц (KKR & Co. Inc.) има три зависни друштва во Република Македонија, а тоа се следните:

1. ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на  ул. Даме Груев бр. 3, 1000 Скопје, Република Македонија, кое е активно во дистрибуција на ТВ и радио канали преку сателит на македонски клиенти и клиенти од други држави во регионот (Србија, Црна Гора, Хрватска, итн.).

2. ГфК ДООЕЛ Скопје, друштво со ограничена одговорност со регистрирано седиште на бул. ВМРО бр.1, во Скопје, Република Македонија, активно во истражување на пазарот, информации, и анализа на производи и услуги наменети за широка потрошувачка во Република Македонија и

3. Директ Медиа Скопје со регистрирано седиште на ул. Орце Николов бр. 68-3 Скопје-Центар, Република Македонија со регистрирана дејност Агенции за маркетинг.

-Мањети Марели С.п.А (Magneti Marelli S.p.A.) е матично друштво/мајка компанија на меѓународната група на компании, која произведува и продава компоненти и системи за автомобилската индустрија, воглавно производи за автомобилско осветлување, погонски производи, електронски системи, суспензиони системи и амортизери, издувни системи, делови и услуги за послепродажба и производи за спортски возила.

Мањети Марели С.п.А (Magneti Marelli S.p.A.) нема било какви регистрирани зависни друштва, подружници или претставнишва во Република Македонија.

2. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

3. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

13.12.2018 година
Скопје